## Картичка за пациенти за лекови кои содржат терифлуномид

Оваа картичка претставува едукативен материјал кој е задолжителен како услов за ставање во промет на лекови кои содржат терифлуномид, со цел дополнително да се минимизираат важните избрани ризици.
Не содржи промотивна содржина.
Информациите наведени во овој едукативен материјал не ги заменуваат оние дадени во упатството за употреба на лекот, кое е вклучено во секое пакување на лекот кој содржи терифлуномид. За целосни информации пред употреба на лекот, прочитајте го упатството за употреба на лекот (достапно во секое пакување на лекот и на следниов линк https://lekovi.zdravstvo.gov.mk).
Овој едукативен материјал можете да го најдете на веб-страницата на Агенцијата за лекови и медицински средства - МАЛМЕД во делот Вигиланца/Фармаковигиланца/Безбедносни информации за лекови/Управување со ризик.

## КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТИ за лекови кои содржат терифлуномид

Картичката за пациенти содржи **важни безбедносни информации** за кои треба да знаете кога се користи лек кој содржи терифлуномид. За повеќе информации, Ве молиме прочитајте го упатството за лекот.

### ОПШТИ СОВЕТИ

Ве молиме покажете ја оваа картичка на секој лекар или здравствен работник кој е вклучен во Вашата медицинска нега (на пр. во случај на итна медицинска помош).

верзија 1; декември, 2023.

Име и презиме на пациентот: ____________________

Датум на првото пропишување на лек кој содржи терифлуномид: ____________________

Име на здравствената установа: ____________________

Име и презиме на лекарот: ____________________

Телефонски број на лекарот: ____________________

**Пријавување на несакани дејства**

Доколку забележите било какви несакани дејства, треба да го известите Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра. Ова ги вклучува и сите можни несакани дејства што не се наведени во упатството за употреба на лекот. Со пријавување на несакани дејства, можете да придонесете за проценката на безбедноста на овој лек. Несаканите дејства можете да ги пријавите директно преку Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства – МАЛМЕД (ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Несаканите дејства може да се пријават и до носителот на одобрение за ставање на лекот во промет
**ПхармаС Лекови дооел Скопје**

Ул. Борка Талевски бр. 42/2-6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Контакт: Весна Јаќовска – одговорно лице за фармаковигиланца
e-mail: vesna.jakovska@pharmas.mk тел: 071-376-382



## Важни несакани дејства

Овој лек може да влијае на функцијата на црниот дроб, крвниот притисок и одредени крвни зрнца кои се важни за борба против инфекции.

## Доколку почувствувате некој од следниве несакани дејства, веднаш контактирајте го Вашиот лекар:

- Пожолтување на кожата или белките на очите, темна урина, гадење или повраќање и абдоминална болка. Во овој случај, може да имате проблем со црниот дроб.
- Висока температура, кашлица, треска, отечени жлезди, намалено или болно мокрење. Во овој случај, може да имате инфекција.



## За жени во репродуктивна возраст, вклучително и девојчиња и нивните родители/старатели

- Не започнувајте третман со лек кој содржи терифлуномид доколку сте бремени или мислите дека сте бремени. Вашиот лекар може да побара од Вас да направите тест за бременост за да ја провери можноста за бременост.
- Користете ефективни контрацептивни мерки за време и по третманот со лек кој содржи терифлуномид. Вашиот лекар ќе Ве советува за потенцијалните ризици за фетусот и потребата од ефикасна контрацепција.
- Обратете се на Вашиот лекар ако сакате да го промените методот на контрацепција или ако сакате да забремените.
- Ако забремените или мислите дека сте бремени, престанете да користите терифлуномид и **веднаш обратете се на Вашиот лекар.**
- Во случај на бременост, Вашиот лекар може да препорача терапија со одредени лекови за да се забрза отстранувањето на терифлуномидот од Вашето тело.
- Исто така, треба да разговарате со Вашиот лекар ако доите или планирате да доите.
- За родители/старатели или девојчиња: Ве молиме контактирајте го Вашиот лекар кога пациентката ќе добие прва менструација за совет за потенцијалниот ризик за фетусот и потребата од контрацепција.

верзија 1; декември, 2023.